ЗАЕДНО ПОСИЛНИ

# 2022

# Годишен извештај за работата

на Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје




*Здравјето е право, не привилегија!*

# СОДРЖИНА

ЗА ЛУЃЕТО ШТО ЖИВЕАТ СО ХИВ

7 Поддршка

9 Свесност за ХИВ

10 Политики

НАШАТА ГРИЖА ЗА ЈАВНОТО ЗДРАВЈЕ

18 Превенција

20 Мобилизација

22 Политики

НАШАТА УЛОГА ВО УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПОЛИТИКИ И СИСТЕМИТЕ ЗА ЗДРАВЈЕ

24 Заедничка акција со здруженија во областа на правата на пациентите за национален стратешки пристап кон обезбедувањето лекови

25 Организациски развој

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

# РЕЗИМЕ

Спроведувањето на нашата годишна работна програма во 2022 година покажа напредок во сите три области на нашата организациска стратегија до 2025 г. Беа одржани, па дури и зголемени услугите за поддршка за луѓето што живеат со ХИВ, како и едукацијата за тераписка писменост. Како услугите, така и нашите активности на застапување им помогнаа на пациентите со ХИВ да ја надминат најголемата криза со достапноста на антиретровирусните лекови досега.

Во отсуство на храбро политичко водство чии политички одлуки би биле во полза на граѓанинот, Министерството за здравство самоволно и без стручна консултација донесе одлука да го скрати буџетот за Националната програма за **превенција** на населението од ХИВ **за 40%** во однос на првично одобрениот буџет за 2022 година, за **поддршка** на лицата што живеат со ХИВ за **70%** и дополнително, ја намали и сумата за обезбедување на **антиретровирусни лекови**. Тоа пак, предизвика значително доцнење на годишните јавни набавки и резултираше со недостиг на лекови за пациентите со ХИВ. Пред овој предизвик успешно се исправивме, како резултат на нашите напори и успеавме да ја ублажиме кризата и да недозволивме да има прекин со терапија за ниту еден пациент. Потенцијалниот ризик за финансиската стабилност во нашата работа го надминавме благодарение на оперативниот грант од Европската унија.

Од тие причини, во првата половина од годината се промени фокусот на нашите акции за застапување, кои вклучуваа прес-конференции, протест, настапи во медиумите, голем број писма испратени до институции, амбасади, Европската унија и Регионалната канцеларија на Светската здравствена организација за Европа, подготовка на документи за јавни политики. Како резултат на нашите иницијативи, Регионалната канцеларија на СЗО за Европа, иницираше мисија за техничка поддршка на програмското планирање на ХИВ за 2023 г., која беше спроведена со наша логистичка поддршка. Експертите од СЗО остварија и состанок со министерот за здравство на којшто беше предочена и потребата од зголемено финансирање, додека препораките беа вклучени во извештај за планирањето на Програмата за 2023 година, како и за процесот на стратешко планирање. Сепак, Министерството за здравство остана со зацементиран став за несоработка, без ни малку интерес и желба за надминување на проблемот.

И покрај низа перипетии успеавме да ја финализираме 2022 г. со зголемен број директно укажани услуги во заедницата, реализиран тренинг за сензитивизација на матични лекари, обука за тераписка писменост на новодијагностицирани лица со ХИВ, тренинзи за млади лидери, кои ќе промовираат ХИВ-тестирање и грижа за машкото здравје во геј/би заедницата. Со воведување на РЕАкт алатката документиравме 23 случаи на прекршување на човекови права и солободи на маргинализирани граѓани и евидентиравме еден стратешки случај. Спроведовме истражување со кое ги проценивме потребите на луѓето што живеат со ХИВ. Преку услугите за ХИВ-тестирање **2 лица со ХИВ** го дознаа својот позитивен статус и беа поврзани со Клиниката за инфективни болести.

Разбудивме од длабока зачмаеност еден од горливите проблеми – пристапот до животоспасувачки лекови за сите граѓани. Изработивме **бриф за јавна политика,** кој илустрира примери на недостапност на лекови во земјата и прави осврт на долготрајниот проблем со позитивната листа. А, заедно со уште 6 други здруженија на пациенти и здруженија што работат на полето на здравствената заштита, одржавме заедничка **прес-конференција** и ги отворивме во јавноста најгорливите аспекти на оваа запоставена тема. Ниту за момент не го изгубивме активистичкиот порив и желбата за застапување за подобар, поздрав и поквалитетен живот не само на луѓето со ХИВ, туку и за сите граѓани.

# About us

## Кои сме?

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ е здружение на заедницата на луѓето што живеат со ХИВ во Северена Македонија. Обезбедуваме услуги за поддршка и за заштита од ХИВ во рамките на заедницата на луѓето со ХИВ и други заедници засегнати од вирусот. Од самите почетоци, но и 13 години подоцна ја промовираме различноста со почит и достоинство, обединуваме луѓе независно од полот, возраста, сексуалната ориентација, родовиот идентитет, етничката припадност, верското убедување, социјалниот и образовниот статус, политичката ориентација и разлики по многу други основи.

НАШАТА
## ВИЗИЈА

Не води визијата за општество во кое луѓето што живеат со ХИВ, како и сите други луѓе без разлика на здравствениот статус, се ослободени од стегите на стигмата и дискриминацијата и ги уживаат достигнувањата на науката за унапредување на своето здравје.

НАШАТА
## МИСИЈА

Ги поддржуваме луѓето што живеат со ХИВ во остварувањето на нивните права и дејствуваме за ставање крај на ХИВ и за подобро здравје за сите луѓе, преку обезбедување услуги во заедницата и насочување на јавните политики.

## НАЧЕЛА

рамноправност | почитување на разликите | вклученост на засегнатите | солидарност | доверливост | непристрасност | независност | транспарентност




# ПОСВЕТЕНО РАБОТИМЕ НА ТРИ СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

## 1

### За луѓето што живеат со ХИВ

Да го подобриме статусот на луѓето што живеат со ХИВ во С. Македонија преку осигурување на стабилен систем за обезбедување современа терапија, услуги што одговараат на нивните потреби и поефикасна заштита од дискриминација.

## 2

### Нашата грижа за јавното здравје

Да придонесеме да се намали бројот/процентот на лица со ХИВ што не се свесни за својот ХИВ-статус и да се создадат услови за ставање крај на епидемијата на ХИВ до 2030 г. (преку услуги во рамките на заедницата, подигнување на свесноста за ХИВ и насочување на јавните политики).

## 3

### Нашата улога во унапредувањето на здравствените политики и системите за здравје

Да ги зајакнеме капацитетите на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и други пациентски организации за решавање на заеднички структурни прашања во националниот здравствен систем што влијаат врз пристапот до животоспасувачки лекови и квалитетот на здравствената заштита.

# Нашата работа низ бројки

- Се застапувавме за нов пристап во изборот на лекови со цел, **намалување на цените** од страна на фармацевтските компании и **подобрување на изборот** на употребените режими на лекување
- Спроведена **анализа на регистрирани случаи на дискриминација** на лица што живеат со ХИВ во периодот од 2009-2022 г. и **публикувана брошура „ХИВ и човековите права“**
- Регистрирани **22 случаи** на **прекршувања на човекови права** и слободи на маргинализирани групи, особено на лица што живеат со ХИВ
- Спроведена **проценка на потребите** на лицата со ХИВ во С. Македонија
- Укажани **420 услуги** на **135 лица со ХИВ**
- Реализирани **5 работилници за психо-социјална поддршка**, на кои учествуваа **34 лица со ХИВ**
- **13 лица со ХИВ** поминаа специјализирана **обука за тераписка писменост**
- **18 матични лекари и специјалисти по семејна медицина** сензитивизирани и обучени да следат пациенти со ХИВ-инфекција на ниво на приматна здравствена заштита
- **9 млади активисти** и лидери во геј/би заедницата го поминаа првиот дел, а 7 од нив целосната програма за ХИВ и сексуално здравје
- Развиена насочена **е-кампања за ХИВ-тестирање**
- Собрани **185.000 денари** за време на вечерниот донаторски насатан за одбележување на Светски ден на СИДА, **за поддршка на лица со ХИВ што живеат во неповолна социјална положба**
- Од вкупно **51 реализирано ХИВ-тестирање**, детектирани **2 случаи на ХИВ**, а лицата беа поврзани со Клиниката за инфективни болести
- Во рамки на **улугите за ПрЕП** реализирани 117 тестирања за ХИВ и 117 тестирања за сексуално преносливи инфекции - детектиран 1 позитивен случај на сифилис
- Публикуван **бриф за јавна политика** „Како до неопходните лекови?“ и одржана **прес-конференција**
- Обезбедена техничка поддршка за **5 состаноци** на Националната комисија за ХИВ
- Спроведена **анализа на континуумот** на грижата во врска со ХИВ
- Спроведена широка консултативна работилница во рамките на **мисијата на СЗО за техничка поддршка во однос на националниот одговор кон ХИВ**

# За луѓето што живеат со ХИВ

## ПОДДРШКА

### Врсничка поддршка

◦ Укажавме вкупно **172 услуги** за врсничка поддршка, вклучувајќи и врсничко советување, **на 75 лица со ХИВ**; од нив 151 услуга беа во вид на помош за пристапот до терапија, со цел да се придонесе кон обезбедување континуитет во примањето на АРТ.

◦ Одржавме **4 работилници** за групна поддршка на лица со ХИВ и **1 он-лајн информативна сесија**. Учествуваа вкупно **34 различни лица со ХИВ.**

### Психосоцијална поддршка

◦ Оствaривме **101 советување** од социјален работник на **60 различни лица со ХИВ.**

◦ 19 лица добија ваучер за помош во основни прехранбени и хигиенски производи мин. еднаш, а 14 од нив на месечно ниво.

◦ Патни трошоци покривме за 8 лица – за подигнување на терапијата и/или здравствен контролен преглед.

◦ На 10 деца на лица со ХИВ им доделивме новогодишни **пакетчиња** со прехранбени производи

## *Мојата зона на комфор*

*Благодарност до ЗАЕДНО ПОСИЛНИ за иницијативата за организирање на ваков вид на средби за поддршка на лицата што живеат со ХИВ. Топло ги препорачувам на сите, бидејќи:*
*- стигмата за ХИВ и за сите луѓе што живеат со ХИВ ќе ви исчезне;*
*- ќе сфатите дека не сте единствени и дека сте личност како сите други луѓе;*
*- ќе запознаете и други кои делат иста приказна како вашата и ќе стекнете позитивни искуства и најдобронамерни совети;*
*- луѓето кои ги водат овие средби се пријатни, комуникативни и секогаш спремни за совет и поддршка.*
*Бидејќи лично јас ги имав истите стравови, нејасни работи, едноставно не сакав во буквална смисла ниту да помислам, а не да споделам било каква иформација за мојата состојба со некого. Но, токму на овие средби ја најдов мојата комфор-зона. Не плашете се, сосема сте нормални, само живеете со состојба именувана како ХИВ и ако не и давате посебно значење и доколку внимавате на себеси и своето здравје, ќе ја заборавите!*

*M.J. (26 г.)*

## Правна поддршка

Користејќи ја алатката РЕАкт, ЗАЕДНО ПОСИЛНИ документирше 14 случаи на прекршување на човековите права поврзани со ХИВ-статусот. Од нив, позитивно беа решени 7 предмети, додека во 3 предмети исходот се очекува во 2023 година. Во 4 случаи, клиентите не сакале да преземат чекори за решавање на повредата, најмногу поради тоа што не веруваат во позитивен исход и не сакаат да го откријат својот ХИВ статус на повеќе луѓе.

Два од документираните случаи се сметаат за стратешки и за нив беше обезбедена правна поддршка. Во едниот од двата стратешки случаи беше поднесена кривична пријава во соработка со Коалицијата Маргини, со основи на сомнение за „Поттикнување омраза или нетрпеливост по основа на националност, вера, раса или која било друга дискриминаторска основа". Стратешката вредност на овој случај е во тоа што тој е прва кривична постапка за говор на омраза, заснован на здравствена состојба (ХИВ-статус), кој може да создаде преседан за говор на омраза насочен кон лицата кои живеат со ХИВ и последиците од откривањето на ХИВ-статус. Во вториот стратешки беше покрената тужба против здравствен работник за дискриминација, поради одбивање на здравствена услуга на лице што живее со ХИВ. Овој случај може да помогне да се обликува како се применуваат законите за антидискриминација кога жртвата е лице што живее со ХИВ, а неговиот позитивен исход може да ги поттикне другите лица кои живеат со ХИВ да пријават кршење на човековите права.

**OUR FIGHT ISN'T OVER.**

## Обука за тераписка писменост

Нашата обука за тераписка писменост зајакна **13 лица со ХИВ** да носат информирани одлуки за сопственото здравје и лекувањето во консултација со своите лекари и долгорочно да се придржуваат до антиретровирсната терапија, како фактор за добро здравје и долг живот. Врз основа на резултатите од тестовите на почетокот и на крајот од обуката, **сите учесници значително ги зголемија своите знаења** во областа на терапијата и можните несакани ефекти, важноста на доследното придржување до неа и останатите елементи на обуката. Средната вредност на освоени поени на првиот тест изнесуваше 4,9 од вкупно 11 поени, додека на вториот тест таа изнесуваше дури 10 од 11 поени.






# СВЕСНОСТ за ХИВ

## Работилница за лекари од примарна здравствена заштита

Во партнерство со Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби одржавме акредитирана работилница за лекари од примарната здравствена заштита – општи лекари и специјалисти по семејна медицина, на тема „ХИВ-инфекцијата денес – дијагностика, лекување, професионален ризик и профилакса“. **18 здравствени работници од 7 градови во земјата, стекнаа знаења и вештини за работа со пациенти со ХИВ-инфекција и ажурирани знаења за ХИВ-инфекцијата, прилагодени на нивните специфични потреби.**

Активноста придонесува кон целта за поефикасна заштита од дискриминација до крајот на 2025 г.






# ПОЛИТИКИ

## Обезбедување современа антиретровирусна терапија: соочување со криза

Во одговор на најголемата криза во достапноста на антровирусните лекови досега презедовме голем број активности со помош на кои најпосле кризата се разреши, а ниту еден пациент не се соочи со прекин во терапијата. Од притисок врз институциите, до алармирање на Светската здравствена организација и повеќе амбасади; од комуникација и притисок врз производители на оригинаторски лекови и локални веледрогерии до изнаоѓање алтернативни решенија за дел од пациентите да го продолжат лекувањето во други земји. И покрај огромните предизвици минатата година беше исфрлен еден од непрепорачаните лекови, а беше воведен нов лек во согласност со препораките на Европското клиничко здружение за СИДА за значителен број пациенти. Тоа воедно им овозможи на најголемиот број пациенти што искуваа проблеми поврзани со несакани дејства од терапијата да преминат на нова, за нив посоодветна комбинација.

## Упатства за планирање на процесот на обезбедување на антиретровирусни лекови

Со наша техничка поддршка Клиниката за инфективни болести разви внатрешно упатство за планирање и спроведување на процесот на обезбедување на антиретровирусни лекови, кое ќе помогне да се намали неизвесноста во исходот од овој процес и ќе придонесе за избегнување на кризи во иднина.

Активноста придонесува кон постигнување на стратешкиот резултат – планирањето на потребите, буџетирањето и набавката на лековите за ХИВ да се спроведува на методолошки поткрепен и транспарентен начин, земајќи ги предвид меѓународните препораки за лекување и очекуваното зголемување на бројот на пациенти.

## Анализа на регистрирани случаи на дискриминација на лица што живеат со ХИВ во периодот од 2009-2022 година




Изработивме Анализа на регистрираните случаи на дискриминација на лица што живеат со ХИВ во периодот од 2009-2022 година, период во кој функционира нашата организација. Анализата одговара на прашањата кои се најчести сторители на повреди на правата на лицата што живеат со ХИВ, кои права се најчесто прекршени, кои активности се преземени за случаите и до кои институции, и каков бил исходот од таквите активности. Формално се регистрирани 23 случаи на повреди, од кои 20 случаи претставуваат повреда на правото на здравствена заштита.
Анализата ќе му помогне на Здружението во своите понатамошни стратешки активности за подобрување на начинот на којшто се санкционира и спречува дискриминација на луѓето со ХИВ во Македонија.
Активноста ќе придонесе кон планираниот стратешки резултат – да се создаде преседан во одлучување во прилог на пациентот при случаи на дискриминација поврзана со ХИВ-статусот до крајот на 2025 г.

## Брошура на добри практики за разрешување повреди на човекови права на лица што живеат со ХИВ од регионот и пред Европскиот суд за човекови права




За да се дадат насоки за правилно и издржано спроведување за законските одредби во однос на дискриминацијата, Здружението подготви брошура за добри практики за разрешување повреди на човекови права на лица што живеат со ХИВ од регионот и пред Европскиот суд за човекови права. Брошурата е првенствено насочена кон институцииите што вршат надзор врз закони кои содржат одредби за недискриминација, со намера да им помогне во нивното постапување при повреди на човекови права на лица со ХИВ и да придонесе за подобрена заштита од дискриминација.

Активноста ќе придонесе кон планираниот стратешки резултат – да се создаде преседан во одлучување во прилог на пациентот при случаи на дискриминација поврзана со ХИВ-статусот до крајот на 2025 г.

## Проценка на потребите на лицата што живеат со ХИВ во Северна Македонија




Спроведовме Проценка на потребите на луѓето што живеат со ХИВ во Северна Македонија, трета од ваков вид, по првата спроведена во 2009 година и последната од 2014 г. Во рамките на проценката на потребите, беа проценети и трендовите на искусената стигма и дискриминација, со што се обезбеди дополнителна база на податоци за потребата од преземање активности за сензитивизација на институциите од релевантните сектори, како и на здравствените работници. Примерокот опфати 59 испитаници – лица што живеат со ХИВ. Наодите од извештајот дадоа насоки за приспособување на услугите за поддршка што ги нуди Здружението, како и на активностите за застапување за подобрување на политиките и услугите за луѓето со ХИВ на национално ниво.

Активноста ќе придонесе кон стратешкиот резултат – Услугите за врсничка и психосоцијална поддршка подобро да одговараат на потребите на луѓето што живеат со ХИВ.

### Поважни наоди од проценката на потребите на лицата со ХИВ:

- Како и во претходните истражувања на потребите (2009 и 2014 г.), **најголемата загриженост** на лицата што живеат со ХИВ се однесува на **навременото обезбедување на антиретровирусната терапија** од страна на Министерството за здравство, затоа што недоволната количина на залихи и дисконтинуитетот во снабдувањето со АРТ претставува константен извор на страв за луѓето со ХИВ.
- Се потврди сознанието дека луѓето со ХИВ во Македонија главно избегнуваат да го обелоденуваат својот ХИВ-статус на други лица. Така, ниту еден од испитаниците не ја споделува оваа информација јавно, а дури три четвртини (73%) статусот го обелоделиле пред најмногу 3 лица. Овој податок е значително повисок од оној утврден во 2014 година, кога истиот параметар изнесувал 40%.
- Сексуалната ориентација, сексуалното однесување и родовиот идентитет се јавуваат како значителен фактор на интерсекциска дискриминација. Една третина од испитаниците (32,2 %) изјавиле дека доминантна причина за стигматизација била нивната сексуална ориентација.
- Се констатира релативно високо ниво на автостигма кај лицата што живеат со ХИВ. Дури 64,4 % од испитаниците се самообвинуваат за својот ХИВ-позитивен статус, 39 % се чувствуваат засрамено, а 30,5 % имаат ниска самодоверба.
- Три четвртини од испитаниците (74,6 %) не ги обвинувале другите како резултат на својот ХИВ-статус, што може да укаже на свесност за личната одговорност на секоја индивидуа и е спротивно на распространетите стереотипи за луѓето со ХИВ според кои тие се гневни кон оние што „им го пренеле вирусот“.
- Фактот дека 45 % од испитаниците не знаеле во кои институции може да се обратат ако им се прекршени правата укажува на потребата од поголема едукација на лицата со ХИВ за правните механизми и за услугите за правна поддршка. Сепак, не е занемарлив процентот од испитаниците кои изразиле голема веројатност дека, доколку во иднина доживеат злоупотреба на своите права, ќе поднесат претставка до Комисијата за заштита од дискриминација (35,6 %), до Народниот правобранител (32,2 %) или дека ќе поднесат тужба против институцијата која ги прекршила нивните права (37,3 %). Ваквите одговори укажуваат

на зголемена подготвеност за преземање дејствија за заштита на своите права, во врска со коешто е потребно на лицата со ХИВ да им се обезбеди соодветна правна поддршка во рамките на граѓанскиот или јавниот сектор. Највисок процент (57,6 %) од испитаниците го навеле токму здружението „Заедно посилни“ како место каде што би пријавиле доколку доживеат злоупотреба на нивните права (наспроти другите понудени механизми) укажува на високата доверба која лицата со ХИВ ја имаат во оваа организација.

- Повеќе од 90% од испитаниците не се подготвени да го обелоденат својот ХИВ-статус дури и доколку тоа е предуслов за да добијат одредени услуги кои се идентификувани како потреба.

## Наши акции за влијание врз одлуките за кратење на буџетот за превенција и терапија за ХИВ

Во почетокот на 2022 година, како резултат на нашето претходно застапување, се реализираше значителното зголемување на буџет на Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција за 2022 г. од 87,7 на 125 милиони денари (зголемување за 42,5%), кое првенствено се однесува на покривање на зголемените потреби за антиретровирусна терапија, а само делумно и за мерките за превенција што ги спроведуваат граѓанските здруженија. За жал, откако Програмата беше веќе усвоена од Владата, новото раководство на Министерството за здравство иницираше драстично намалување на веќе одобрениот буџет, коешто Владата го официјализираше на 5 април 2022 г., при што новоусвоениот буџет изнесува 100,7 милиони денари, а најголемото кратење се однесува токму на услугите за превенција што ги спроведуваат граѓански организации ширум земјата (намалување за дури 40%). Презедовме многубројни акции за да се одврати и промени ваквата штетна одлука, која беше донесена без никаква стручна консултација, ниту проценка на ефектите врз одрживоста на воспоставениот систем за превенција, како и врз епидемиолошкиот тек на ХИВ-инфекцијата во земјата, вклучувајќи и прес-конференција, јавен протест, подготовка и учество во тематска седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, многубројни настапи во медиумите и повеќе дописи до Регионалната канцеларија на Светската здравствена организација за Европа и до амбасадите на земји коишто инвестирале средства во националниот одговор кон ХИВ во Северна Македонија и подготовка на предлог-информација до Владата. Досегашниот развој на настаните во врска со прашањето укажа на исклучително загрижувачки однос на игнорирање на Владата кон граѓанскиот сектор.





















Како резултат на нашите акции за застапување, Регионалната канцеларија на Светската здравствена организација за Европа, инициираше **мисија за техничка поддршка на програмското планирање на ХИВ за 2023 г.** под наслов „Зајакнување на интервенциите за ХИВ во Северна Македонија" од 25-30 септември 2022 г. На 26 септември 2022 г. беше остварен состанок со министерот за здравство на којшто беше предочена и потребата од зголемено финансирање, а препораките се вклучени во извештај и тие ќе послужат како основа за Националната комисија за ХИВ да го финализира планирањето на Програмата за 2023 година, како и за процесот на стратешко планирање.









На 12-14 септември во Тел Авив се одржа Регионалниот комитет на Светската здравствена организација за Европа на кој учествуваат министрите за здравство од земјите членки на СЗО за да договорат заеднички акции за одговор кон актуелните и идните предизвици за јавното здравје. Како резултат на нашите акции поврзани со проблемот со енормното кратење на средствата во националната програма за ХИВ, а давајќи му легитимитет на нашето аргументирано застапување, Регионалната канцеларија на СЗО Европа го покани извршниот директор на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ да се обрати како претставник на засегнатите заедници и пациентите. Меѓу другото, на дневен ред на Комитетот беше и разгледувањето и усвојувањето на предлог-Регионалните акциски планови за ставање крај на СИДА и на епидемиите на вирусните хепатити и сексуално преносливите инфекции за 2022-2030. Овој амбициозен и важен документ зборува за окончувањето на овие епидемии на ниво на конкретна политичка заложба. Во формално обраќање на пленарната седница посветена на Акциските планови, Андреј Сених го истакна фактот дека планот за елиминирање на епидемиите на сексуално преносливи инфекции, како и на ХИВ и хепатитите, конечно стана достижна политичка цел за која земјите покажуваат подготвеност да се обврзат – но и дека крајот на овие епидемии може да се достигне само ако се фокусираме на потребите на вистински луѓе, без предрасуди, нудејќи услуги засновани на докази. Тој изрази и очекување дека моделите на нудење услуги од страна на граѓанските организации ќе станат главен елемент на националните одговори кон овие заболувања и дека ќе добијат соодветно финансирање за да може целосно да се искористат нивните капацитети.

За жал, министерот за здравство Беким Сали, кој беше присутен на состанокот на Регионалниот комитет во Тел Авив, не учествуваше на сесиите посветени на ХИВ, вирусните хепатити, сексуално

преносливите инфекции и туберкулозата, ниту пак имаше назначено свои претставници. Со тоа, Република Северна Македонија не учествуваше во расправата и усвојувањето на овој толку значаен документ – Регионалните акциски планови за ставање крај на СИДА и на епидемиите на вирусните хепатити и сексуално преносливите инфекции за 2022-2030.



*Почитувани министри, почитувани претставници на земјите членки,*

*Ви се обраќам како лице што живее со ХИВ и активист од заедниците во југоисточна Европа, од Северна Македонија. Среќен сум што најпосле зборуваме за можноста за елиминирање на епидемиите на сексуално преносливи инфекции, заедно со ХИВ и хепатитите, и дека земјите се подготвени да се обврзат на тоа. Ние не сме осудени да живееме со овие инфекции засекогаш! Веќе имаме широк спектар на докажани средства за да ги лекуваме и за да ги спречиме. Елиминацијата конечно станува достижна политичка цел. Но таа може да се постигне само ако се фокусираме на потребите на вистински луѓе, без предрасуди, дестигматизирајќи го сексуалното здравје и ако обезбедиме комбинација од услуги засновани на докази, во рамки на самите засегнати заедници. Очекувам дека моделите на нудење услуги од страна на граѓанските организации ќе станат главен елемент на националните одговори кон овие заболувања и дека ќе добијат соодветно финансирање за да може целосно да се искористат нивните капацитети. Како оние што денес носат одлуки ја имате можноста да го донесете крајот на ХИВ, вирусните хепатити и сексуално преносливите инфекции. Каква инспиративна шанса! Ве молам да ја искористите.*

Андреј Сених, извршен директор на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ




Северна Македонија не покажа интерес за окончување на епидемиите на ХИВ, вирусни хепатити и сексуално преносливи инфекции до 2030 г.: столчето наменето за министерот за здравство Беким Сали остана празно на работниот министерски ручек посветен на овие политички заложби – Регионален комитет на СЗО за Европа, 2022 г.

**Континуиран пристап до терапија: што значи прекин на терапијата и зошто не смее да се дозволи?**

Терапијата не смее да се прекине. Прекинот е всушност ризична ситуација, како по здравјето на пациентот, така и од јавно-здравствен аспект. Пристапот од терпија кај лицата со ХИВ не треба да е предмет на евентуални можности, „жртва" на скратени буџети, административно-правни пречки и лоши политики.

Еве еден пример, откако издејствувавме лице со ХИВ со статус на имигрант во нашата земја бегајќи од војната во Украина, да добие пристап до терапија и да продолжи да се лекува.
Нејзината благодарност до нас во неколку реченици:

> *Thanks a lot for your help and support! I received my ART yesterday and can't even describe how happy and grateful I am. The Stronger Together organization have done such a big favor to me with providing pills during the supply problem in the country that I really can't thank you enough.*
>
> *I hope your government will resolve procurement soon. We also had such an issue in Ukraine a few years ago but it was just for a few weeks and as far as I know people still were able to receive ART from the reserve.*
>
> *Situation in Ukraine looks much better now, so I think I can return back in a month and take my future medication there. So thank you again for covering this month for me!*
>
> *Best regards, Y.M.*

# ПРЕВЕНЦИЈА

### Услуги за ХИВ-тестирање

Нашите искрени напори за придонес во националникот одговор кон ХИВ ги илустриравме и во текот на оваа година, во рамки на услугата за бесплатното и анонимно ХИВ-тестирање реализиравме **51 ХИВ-тестирање**, меѓу кои **беа откриени 2 случаи на ХИВ** и поврзани со Клиниката за инфективни болести за да влезат во системот за лекување.

**Благодарение на услугата за ХИВ-тестирање, 2 лица го открија својот ХИВ-позитивен статус, добија советување и поддршка, беа поврзани со Центарот за ХИВ при Клиниката за инфективни болести и почнаа да се лекуваат.**

На **413 мажи кои имаат секс со мажи** им беше поделен **пакет за превенција** составен од информативен материјал/брошура, два (2) кондоми и еден (1) лубрикант за време на доброволно советување и тестирање за ХИВ, преку Советувалиштето за ХИВ при Инфективната клиника во Скопје и за време на одбележувањето на Светски ден на СИДА, 1 Декември 2022 г.

*До сега се имам тестирано 3 пати во ЗАЕДНО ПОСИЛНИ. Искуството секогаш е пријатно, а вработените се професионални. Процесот е брз и едноставен и секогаш по заминување се чувствувам поинформирано.*

Д.К. (23 г.)

### ХИВ-тестирање за време на Денот на граѓанските организации – ЦИВИКА МОБИЛИТАС

За време на фестивалот на граѓански организации организиран од Цивика Мобилитас, го претставиме Здружението пред пошироката јавност и учествуваме на **панел дискусијата** на тема „Важноста на Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција и нејзината одржливост".

Минувачите имаа можност да играат квиз на знаења за ХИВ и да добијат бесплатно ХИВ тестирање во мобилна лабораторија. Покрај информативно-едукативните материјали, беа разделени торби и бидони печатени со мотивирачки пораки за ХИВ-тестирање.




## Предекспозициска профилакса (ПрЕП) за ХИВ во Северна Македонија

По спроведениот пилот во 2021 г., Програмата за ПрЕП продолжи и во 2022 г., во соработка со Клиниката за инфективни болести – иако во ограничен формат. Поради проблеми во обезбедувањето антиретровирусни лекови и енормното кратење на средствата за превенција во националната програма за ХИВ, вклучувањето на нови корисници беше ставено во мирување, но услугите за ПрЕП продолжија со редовно темпо за 60-тина корисници кои беа дел од пилотот во 2021 г. Повторно вклучување на нови заинтересирани лица започна кон крајот на година, кога се приклучија **9 нови корисници** на ПрЕП. Услугата е комплементарна на услугите за ХИВ-тестирање и превенција што ЗАЕДНО ПОСИЛНИ ги нуди во рамките на националната програма за ХИВ.

*Пред да почнам со ПрЕП очекував процедурата да биде комплексна и долга, што испадна дека не е вистина. Секогаш добивам професионални одговори на прашањата што ги имам и мислам дека е важно што е можно повеќе луѓе да бидат на ПрЕП.*

*К.Р. (28 г.)*

# МОБИЛИЗАЦИЈА

## Едукативна програма за млади

По втор па ја спроведовме сеопфатната едукативна програма за ХИВ и сексуалното здравје за млади геј и бисексуални мажи, која се состоеше од две дводневни обуки. 7 лица ја завршија целата програма и стекнаа најнови сознанија, но и вештини што ќе им помогнат да делуваат во својата заедница за подигнување на свесноста за сексуалното здравје, за ХИВ и за ХИВ-тестирањето како главен јаз во националниот одговор кон ХИВ.

## Насочена кампања за ХИВ-тестирање

Таргетирана он-лајн долгорочна кампања за подигање на свеста наменета за геј и бисексуални мажи беше концептуализирана и развиена со придонес од целната заедница, со цел да се подигне свесноста за ХИВ и сексуалното здравје и да се поттикне ХИВ тестирањето. Спроведувањето на кампањата е предвидено во 2023 г. (прво и второ видео).




## Одбележување на Светски ден на СИДА

„Заедно погласни“ беше носечката порака на овогодинешното одбележување на Светскиот ден на СИДА, 1 декември, 2022 г., која укажува на неопходноста од активно и гласно делување во насока на подобрување на животот на луѓето што живеат со ХИВ. Главен фокус на овој ден беше вечерниот настан со донаторски карактер, на кој се прибираа и донации за фондот за поддршка на лицата што живеат со ХИВ во неповолна социјална положба.

Беа собрани **донации** кои во висина од **185.000 денари** од општествено одговорни компании и за време на вечерниот настан. Преку овој **фонд за поддршка** во 2023 година ќе обезбедиме помош за лица со ХИВ кои живеат во исклучително неповолна социјална положба, во вид на производи за храна и хигиена, како и за покривање на патни трошоци за подигнување терапија и/или здравствен контролен преглед.

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ објави **соопштение** по повод Светскиот ден на СИДА на 1 Декември 2022, кое беше **објавено од интернет медиумите**.

Одбележувањето на Светскиот ден на СИДА беше најавено преку наши телевизиски гостувања во 7 традиционалните медиуми. Беа објавени и 2 статии од лица со ХИВ, наши членови, во порталите **Гоце.мк** и **Фактор**.











Гоце.мк

НАЦИОНАЛНО | НАУКА | КОНТАКТ | СВЕТСКО

01.12.2022

ХИВ позитивна личност: Луѓето мислат дека сме опасност за сите околу нас

Автор: Ирена Жежова

1 декември е светски ден за борба против ХИВ вирусот. Овој ден служи да се потсетиме за свесноста на вирусот и да ги нарушиме стереотипите и стигмата кои доаѓаат со него. Позборувавме со лице кое повеќе од 5 години живее со ХИВ вирусот и ни порачува дека не е ништо поразличен од останатите.

FOLLOW US ON INSTAGRAM

Instagram


30 јануари, 2025

ФАКТОР

„Го создадовме најдобриот кардио-хируршки центар во регионот."

ACIBADEM SISTINA

ДИНАМИЧЕН ПО ДИЗАЈН

ДОЗНАЈТЕ ПОВЕЌЕ

RANGE ROVER

ЕКОНОМИЈА ФИНАНСИИ МАКЕДОНИЈА АГРОБИЗНИС АНАЛИЗА МОИ ПАРИ БАЛКАН СВЕТ СТИЛ КОЛУМНИ ИНТЕРВЈУА SHOP

Дарко посака некоја Нова година стигмата и осудите за луѓето со ХИВ „магично да исчезнат": За Фактор ја раскажа неговата приказна

ТОПЛО ДОБРЕДОЈДЕ СО 0% ТРОШОЦИ ДО 20 000 ДЕНАРИ

# ПОЛИТИКИ

## Застапување за достапност на ПрЕП преку националната програма за ХИВ

Поднесовме предлог за финансирање на услугите за предекспозициска профилакса (ПрЕП) во рамките на нашата годишна апликација за финансирање до Министерството за здравство во рамките на Националната програма за ХИВ и предлогот беше прифатен. Ова беше прва распределба на средства од Националната програма за ХИВ за предекспозициска профилакса. Програмата за ПрЕП за клучни популации погодени од ХИВ ја спроведуваме во партнерство со Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби врз основа на потпишан Меморандум за соработка. Други чекори за застапување, исто така, беа преземени од Здружението, вклучувајќи го и започнувањето на мисијата за техничка поддршка на СЗО (оддржана од 25 до 30 септември), која конкретно се однесуваше на потребното подобрување на воспоставената ПрЕП програма во Северна Македонија.

*Активноста придонесува кон стратешкиот резултат – Сеопфатен пакет на услуги за ХИВ и сексуално преносливи инфекции до 2025 г. да им биде достапен на клучните засегнати популации во земјата, вклучувајќи и предекспозициска и постекспозициска профилакса, опции за самотестирање и скрининг за сексуално преносливи инфекции.*

## Анализа на континуумот на услугите за ХИВ




Во соработка со експерти од областа на епидемиологијата, јавното здравје и клиничкиот третман на ХИВ, спроведовме анализа на националниот континуум на грижата во врска со ХИВ за претходната, 2021 година. Здружението обезбеди поддршка во текот на целиот процес. Анализата беше спроведена во согласност со методологијата препорачана од Европскиот центар за превенција и контрола на болести и даде клучен увид во колкава мера земјата се справува со одговорот кон епидемијата на ХИВ и кон постигнувањето на глобалните цели до 2025 г.

Според резултатите од неа, на крајот на 2021 г. во С. Македонија живееле 495 (95% CI 447 – 541) лица со ХИВ, од коишто 70,3 % (348) биле дијагностицирани; 94,5 % (329) од дијагностицираните примале терапија, ... е на терапија имале успешно лекување, односно потиснат вирус. Овие резултати покажуваат мал, но незадоволителен напредок во однос на процентот на лица со ХИВ кои се дијагностицирани, во споредба со 2020 година, кога процентот изнесувал 66%. Од друга, страна резултатите во вториот и третиот столб на континуумот се импресивно високи и условно ги постигнуваат, односно надминуваат глобално поставените цели до 2025 година (т.е. 95% во секој од трите столба). Оттука, анализата покажа дека главниот проблем во националниот одговор кон ХИВ останува токму дијагностицирањето, а Македонија значително заостанува зад глобалниот просек, каде што на крајот на истата 2021 година дури 85% од проценетите 38,4 милиони луѓе што живееле со ХИВ биле веќе дијагностицирани. Резултатите зборуваат во прилог на потребата од сериозна стратегија на земјата и зголемување на инвестицијата во одговорот кон ХИВ, вклучително и заради воведување на сите докажано ефикасни пристапи за превенција и дијагностика.




Активноста придонесува кон крајниот резултат – Националниот одговор кон ХИВ да се заснова врз докази насочен кон решавање на клучните проблематични точки во епидемијата на земјата.

## Техничка поддршка за состаноци на Националната комисија за ХИВ

Со логистичка и техничка поддршка од ЗАЕДНО ПОСИЛНИ се 4 состаноци на Националната комисија за ХИВ. Комисијата главно посвети внимание на одлуките за кратење на буџетот за превенција и за лекување на ХИВ – прашање коешто го покрена и формално до Претседателот и на Владата и други високи претставници.

## Консултација со засегнатите страни за годишните извештаи за ХИВ на земјата

Спроведовме консултативен состанок заедно со клучните чинители за комплетирање на значајните годишни официјални извештаи за напредокот на земјата во справувањето со епидемијата на ХИВ кон Здружената програма за ХИВ и СИДА на Обединетите нации (UNAIDS) и кон Европскиот центар за превенција и контрола на болести (ECDC). На состанокот беа дискутирани клучни прашања во однос на имплементацијата на Декларацијата од Даблин и националниот одговор кон ХИВ.

Активноста придонесе кон стратешкиот предвиден резултат – Националниот одговор кон ХИВ да се заснова врз докази, насочен кон решавање на клучните проблематични точки во епидемијата на земјата.

# Нашата улога во унапредувањето на здравствените политики и системите за здравје

**Заедничка акција со здруженија во областа на правата на пациентите за национален стратешки пристап кон обезбедувањето лекови**

Со цел да поттикнеме дискусија во рамките на релевантниот граѓански сектор и во јавноста за неодложната потреба од развивање на стратешки пристап на земјата во обезбедувањето животоспасувачки лекови за своите граѓани, врз основа на консултацијата со други здруженија на пациенти и организации кои работат на полето на здравствена заштита за клучни популации, развивме и публикувавме **бриф** за јавна политика под наслов „Како до неопходните лекови?" – потреба од стратешки пристап за обезбедување лекови во Македонија. Брифот ја илустрира сериозноста на проблемот на пристап до лекови во земјата преку конкретни примери од различни терапевтски области, прави осврт на долготрајниот проблем со позитивната листа и други системски недостатоци и изложува можни стратешки пристапи и предлози за политики што Северна Македонија може да ги воведе за да ја подобри ситуацијата. Во септември 2022 г., со 6 организации што учествуваа во процесот одржавме заедничка **прес-конференција** на која ги отворивме во јавноста најгорливите аспекти на оваа запоставена тема и побаравме да се произнесат институциите по однос на ова прашање и приоритетните чекори што ги предложивме во брифот за јавна политика.

Активноста придонесува кон предвидениот резултат – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ има развиено портфолио на работа врз прашањето за пристапот до животоспасувачки и есенцијални лекови воопшто, во соработка со други групи на пациенти.






# ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

**Развивање организациска политика за човечки ресурси**

Здружението ја разви првата организациска политика за човечки ресурси, која е од суштинско значење како за организацијата, така и за продуктивноста на персоналот. Таа ќе овозможи поефективно остварување на мисијата на организацијата и професионален развој на вработените. Фундаментална е за поттикнување на фер и позитивна работна средина, која покрива низа секојдневни аспекти кои влијаат на работниот тек. Политиката содржи: нацрт-процедури за регрутирање и насоки за воведување нови вработени во работните процеси, инструменти за оцена на ангажираност и евалуација на вработените и постапка за постапување при прекршување на работни процеси и прекинување на вработување.

Активноста придонесе кон предвидениот стратешки резултат – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ има подобрени организациски капацитети за остварување на својата мисија на транспарентен и отчетен начин до 2024 г.

**Годишно собрание**

На годишно собрание на Здружението присуствуваа 16 полноправни членови, а 2 члена го делегираа својот глас. Собранието ги разгледа и/или усвои годишниот извештај за работата за 2021 г., годишниот финансиски извештај за 2021 г., извештај за работата на Здружението во 2022 г. и работниот план до крајот на годината, извештај за работата на управниот одбор на Здружението за 2021-2022. Собранието избра претседател и членови на управниот одбор на Здружението, како и нови членови на Здружението.

**Партнери**

Бевме посветени на партнерството и на соработката со граѓанскиот, владиниот и приватниот сектор, препознавајќи дека само со заеднички напори можат да се направат значајни и долгорочни позитивни општествени промени. Особено важни партнери во нашата работа во текот на 2022 г. беа:

- Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби

Министерството за здравство на Република Македонија

- Цивика Мобилитас
- Алијанса за јавно здравје, Украина
- Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија
- Мрежата на организации што работат на ХИВ и туберкулоза во Југоисточна Европа
- ViiV Healthcare
- УНФПА
- ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје
- ХОПС – Опции за здрав живот

- СТАР-СТАР
- AIDS Action Europe
- Сите организации од Платформата за одржливост на сервисите за превенција и поддршка во врска со ХИВ
- Мрежата за заштита од дискриминација
- Мрежата против хомофобија и трансфобија

## Благодарници

Управниот одбор на Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ одлучи да им оддаде официјално и јавно признание на неколку поддржувачи, како признание за поддршката на лицата што живеат со ХИВ во неповолна социјална положба, во рамките на нашите активности за одбележување на Светскиот ден на СИДА 2022.

**Благодарница – како признание за партнерството и поддршката во рамките на одбележувањето на Светскиот ден на СИДА, 2022 година**

- ГАЛИНОС ФАРМ Д.О.О. ИЛИНДЕН
- МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО СКОПЈЕ
- ПЕЧАТНИЦА ЕВРОПА 92 Д.О.О.Е.Л. КОЧАНИ
- БАДЕЛ 1862 А.Д. СКОПЈЕ
- Здружение КОНЕКТ Скопје

**Благодарница – како признание за партнерството и поддршката во рамките на одбележувањето на Светскиот ден на СИДА, 2021 година**

- Здружението ХОПС – Опции за здрав живот

**Благодарница – како признание за исклучително залагање во грижата за луѓето што живеат со ХИВ**

- д-р Јулија Николовска
- стручниот тим на ПЗУ Света Елена
- д-р Билјана Коцевска
- д-р Ирина Пановска – Ставридис
- д-р Цветанка Манева Самарџиска
- д-р Дафи Шемов





# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ



# Биланс на приходи и трошоци за 2022 година

Назив: **Здружение ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје**

Период на известување: **01.01.2022-31.12.2022**

| | *во денари* |
|---|---|
| **Почетна состојба на 01.01.2022** | 1.032.741,00 |
| Приходи од камати | - |
| Приходи од позитивни курсни разлики | 19.673,00 |
| Приходи од грант-проекти | 7.510.871,00 |
| Приходи од надомест на трошоци | - |
| Приходи од донации | 191.212,00 |
| Приходи од доброволен прилог | - |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **7.721.756,00** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА НА РАСПОЛАГАЊЕ** | **8.754.497,00** |

| | |
|---|---|
| Плати и надомест за плати | 2.760.315,00 |
| Трошоци за исплатени хонорари врз основа на договори за дело | 1.264.666,00 |
| Трошоци за закуп на деловен простор, конференциски сали, опрема и сл. | 402.502,00 |
| Трошоци за комуникациски услуги (ПТТ, интернет и сл.) | 34.118,00 |
| Комунални трошоци (струја, вода, парно и сл.) | 116.128,00 |
| Канцелариски материјали и канцелариска опрема | 287.940,00 |
| Помошен материјал и материјали за обуки,тренинг и сл. | 68.929,00 |
| Трошоци за репрезентација, освежување и хотелски услуги | 764.506,00 |
| Транспортни трошоци (бензин, патарина, автобуски карти, такси превоз и патни трошоци за учесници) | 222.476,00 |
| Останати трошоци (правни, ревизорски, нотарски, сметководствени и други | 293.941,00 |
| Трошоци за консултантски услуги | 268.671,00 |
| Трошоци за печатење, графичка дејност и вкоричување, фотокопирање и | 233.233,00 |
| Трошоци за реклама, трошоци за снимање видеа и сл | 100.603,00 |
| Помошти и донации (набавка на лубриканти и кондоми) | 97.500,00 |
| Трошоци за членарини | 325,00 |
| Банкарски провизии и агенциска провизија | 61.223,00 |
| Негативни курсни разлики | 28.582,00 |
| Останати услуги | 93.134,00 |
| Останати трошоци | |
| **ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **7.098.792,00** |
| Данок на непризнаени трошоци | - |

| | |
|---|---|
| **Крајна состојба на 31.12.2022 за пренос во наредната година** | 1.655.705,00 |
| Пресметани приходи од аванси - од претходната година | - |
| Обврски спрема добавувачи | 226.872,00 |
| Обврски спрема вработени | 880,00 |
| Обврски за неплатени даноци, плати и сл. | 27.428,00 |
| Обврски за неплатени хонорари | 246.846,00 |
| Обврски за неплатени данок за закупнина | 1.661,00 |

| | |
|---|---|
| Обврски за неплатени закупнина | 16.789,00 |
| **Вкупно средства на жиро-сметки за 01.01.2023** | **2.176.181,00** |


Распределба на вкупните трошоци по области за 2022 г.
6%
28%
25%
9%
32%
Поддршка на лицата со ХИВ
Превенција
Застапување / политики
Мобилизација и јавна свесност
Развој на здружението


Извори на финансирање за 2022 г.
Министерство за здравство
7%
Цивика Мобилитас-Институционален грант
17%
ViiV Healthcare UK / Positive Action Europe
6%
Aliance for Public Health / Global Fund to Fight AIDS, Tuberculosis and Malaria
15%
ЕУ Оперативен грант
54%
Министерство за здравство
ЕУ Оперативен грант
Aliance for Public Health / Global Fund to Fight AIDS, Tuberculosis and Malaria
ViiV Healthcare UK / Positive Action Europe
Цивика Мобилитас-Институционален грант
Донации од добротворни настани


Трошоци за активности по стратешки цели за 2022 г.
14%
39%
47%
Стратешка цел 1: Да го подобриме статусот на луѓето што живеат со ХИВ во С. Македонија преку осигурување на стабилен систем за обезбедување современа терапија, услуги што одговараат на нивните потреби и поефикасна заштита од дискриминација
Стратешка цел 2: Да придонесеме да се намали бројот/процентот на лица со ХИВ што не се свесни дека имаат ХИВ и да се создадат услови за ставање крај на епидемијата на ХИВ до 2030 г. – преку услуги во рамките на заедницата, подигнување на свесноста за ХИВ
Стратешка цел 3: Да ги зајакнеме капацитетите на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и други пациентски организации за решавање на заеднички структурни прашања во националниот здравствен систем што влијаат врз пристапот до животоспасувачки лекови и квалитетот на здравствената

Здружение за поддршка на
луѓето што живеат со ХИВ

Скопје

Работата на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ во 2022 г. беше овозможена со финансиска поддршка од:

Република Северна Македонија
Министерство за здравство

Годишната работна програма е поддржана од Европската Унија.
Оваа публикација е издадена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје и не ги одразува ставовите на Европската унија.

Годишниот план за работа е поддржан од Цивика мобилитас. Цивика мобилитас е програма на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) за поддршка на граѓанското општество во Македонија, која ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија да бидат поттикнати од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со потранспарентно, поотчетно и социјално-инклузивно управување како на централно, така и на локално ниво.